Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2022, до 30.9.2021 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2022. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk**me shënim Iniciativa për PVQRMV 2022, deri më 30.9.2021.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата:
Здружение Конект Скопје

Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЗДРУЖЕНИЕ КОНЕКТ
Бр. 03/67-1
23.09. 2021 год.
СКОПЈЕ

Конект раководи со Мрежа за финансиска одржливост на граѓански организации составена од **111 граѓански организации** што застапуваат за измени во регулативата во области поврзани со одржливоста на граѓанскиот сектор. Мрежата е платформа што овозможува понатамошни пошироки консултации, консолидација и можност за дијалог со институциите. Овој предлог е производ на континуирани истражувања, консултации и активности за креирање на јавни политики со широка вклучаност на граѓанските организации, институциите, бизнисите и други засегнати чинители.

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар):
6366996

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина):
ул. „Владимир Полежиновски“ 19-1/6, Центар

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник:
Никица Кусиникова, Извршна директорка
nikicak@konekt.org.mk 070 20 66 33

Procesverbali:

Веб страница:
www.konekt.org.mk

Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail):
konekt@konekt.org.mk

Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт:
02/ 3224 198

Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт:
Виктор Мирчевски, Програмски раководител
viktorm@konekt.org.mk 071 20 66 33 333

Personi për kontakt:

**Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година**

**Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2022**

**Наслов на иницијативата:** Предлог – измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)
Измената на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и подобрувањето на инфраструктурата за филантропија се поврзува со следните стратешки приоритети на Владата:

- Справување со светската пандемија предизвикана од коронавирусот КОВИД-19;

Образложение: Олеснетото донирање и користењето на даночни поттикнувања се мотив повеќе компании и граѓани да донираат особено кога тоа е итно. Предложените измени на регулативата ќе обезбедат побрза достапност на донаторски средства за одговор на кризата и санирање на нејзините последици.

- Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- Заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени.

Образложение: донациите се важен извор на финансирање на иницијативите на граѓанските организации и непрофитниот

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik tëcaktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

сектор, како и на институциите и установите што се клучни чинители во постигнувањето на овие стратешки приоритети.

- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија

Образложение: Со промена на ЗДСЈД овој сегмент на правото ќе биде усогласен со регулативата на ЕУ и најдобрите практики за прекугранична филантропија.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Инфраструктурата за филантропија е значајна за градење на инклузивни општества каде граѓаните се директно вклучени во идентификување и решавање на предизвиците во своите заедници. Во таа насока предлогот е усогласен со Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020-2022 година особено во доменот на приоритетните цели за:

- *Унапредување на одржлив и инклузивен социоекономски рамномерен регионален развој (РРР)*
- *Унапредување на локалната демократија и создавање еднакви можности за сите*

Предлогот е во согласност со **Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2020-2024 во следните аспекти**

- *Модерна и ефикасна администрација: повеќе систем, помалку бирократија*

  Образложение: Предлогот директно придонесува за намален административен товар и отвора можност за користење на постојните системи за дигитално процесирање на документација како е-фактура.
- *„Преку системот на даночни олеснувања ќе го поттикнеме донаторството, спонзорирањето, меценството и други форми на финансирање„.*

  Образложение: Оваа насока е дел од Програмата на Владата во поглавјето за Европска култура. Дотолку повеќе,

унапредувањето на системот на даночни олеснувања за донирање ќе поттикне прибирање на поддршка во сите сегменти на општествениот развој.

Дополнително, потткнувањето на донирањето овозможува поврзаност и поттик на сите 25 стратешки приоритети од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија – 2021.

Предлогот е во согласност со **Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 и нејзиниот акциски план и тоа во делот:**

- МЕРКА 31: Измена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации
- МЕРКА 4: Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации

Овие мерки не се исполнија во рамки на Стратегијата во истекување и ќе бидат рефлектирани во следната која е во процес на дефинирање и усвојување. Министерството за правда формира работна група за измени за Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat ikapitullit dhe rajonit)

Измената на ЗДСЈД е системски поврзана со низа аспекти што ги опфаќа НППА. Со оглед на тоа што ЗДСЈД ги регулира даночните олеснувања за поттикнување на донирање, предлогот е дел од НППА- Поглавје 16, подрачје Даноци.

Дополнително, предложените измени се во согласност со препораките за подобрување на правната околина за граѓанскиот сектор нотирани во Извештаите на Европската Комисија. Исто така, предложените измени обезбедуваат усогласување на регулативата со Насоките за поддршка на ЕУ на граѓанското општество во земјите од процесот на проширување од Генералниот директорат за проширување на ЕУ.

Најнакрај, согласно аспирациите на нашата земја за вклучување во Европското Унија, но и согласно обврските кои веќе ги имаме во однос на транспонирањето на законодавството на Европската Унија во нашето национално законодавство, предлогот дава насока дополнително да се развие и прекуграничната филантропија со земјите-членки на ЕУ во согласност со принципот на недискриминација воспоставен од страна на Европскиот суд на правдата и неговите пресуди.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

**Предлог 1) Измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)**
Службен весник на РМ, број 47/06, 86/08, 51/2011, 28/14 и 153/ од 04.09.2015
Надлежен орган: Министерство за правда, Министерство за финансии, Управа за јавни приходи.

Законот беше донесен во 2006 година со цел да се решат прашањата кои се појавија на полето на филантропските донации и истиот беше изменет и дополнет четири пати, со последни ревизии во 2014 и 2015 година. Новите измени и дополнувања се осврнуваат на неколку прашања што претставуваа предизвик, меѓутоа останува да се надминат главните предизвици на Законот особено во однос на административната постапка и потврдувањето на јавниот интерес. Во 2015 година со финансиска поддршка од Европската Унија во рамки на проектот „Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на ГО“ во соработка со Европскиот центар за непрофитно право од Будимпешта беа изготвени и публикувани „Коментари на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и на измените и дополнувањата од февруари 2014 година“ (во прилог). Овој документ детално ги идентификува преостанатите измени коишто е потребно да се направат во постоечкиот закон со цел тој да биде поприемчив за користење особено за граѓаните и малите и средни претпријатија. При изготвување на документот беше консултирано

и надлежното Министерство за правда. На барање на институциите беше изготвен и дополнителен компаративен преглед на неколку прашања поврзани со Законот од интерес на ресорното министерство (во прилог). Изготвените предлог измени рефлектирани во коментарите на Законот (во прилог) се базираат врз врвни експертски придонеси што ги земаат предвид најдобрите европски практики, но земајќи ги предвид и опсежните консултации со корисниците на Законот и генерално вклучуваат:

- Појасно и конзистентно дефинирање на терминологијата;
- Ревидирање на административната процедура во аспект на нејзино поедноставување, поставување критериуми за ценење на јавниот интерес и ревизија на институционалните улоги во постапката;
- Поврзување на ценењето на јавниот интерес со непрофитноста и правната форма на организациите и активностите/проектите што се спроведуваат наместо со секоја поединечна донација/спонзорство;
- Измени во процедурата за ослободување на ДДВ при промет согласно ЗДСЈД и нејзино усогласување со постојните државни механизни за издавање на е-фактура;
- Промена во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход (ГДП-ПДД);
- Обезбедување еднаков третман на преку- граничната филантропија;
- Соодветно и пропорционално уредување на уредбите за извештаи и контрола;
- Ревидирање на казнените одредби;
- Регулирање на случаи кога целта на донацијата/спонзорството е исцрпена или станува ништовна.

Во текот на 2019-та се спроведоа директни консултации со Министерството за правда во

насока на ревидирање на законот. Се одржаа низа настани за консултации со корисници на ЗДСЈД, а експертска група од локални и меѓународни експерти од Европскиот центар за непрофитно право работеа на приложениот документ којшто е резултат на овие процеси. Дополнително во 2021, Министерството за правда пристапи кон формирање на работна група за инзмени на Законот. Следствено овие предлози даваат директен придонес за работата на групата.

**Промена на подзаконски акти поврзани со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД)**

**<u>А) Измени во процедурата за ослободување на ДДВ при промет согласно ЗДСЈД</u>**

ЗДСЈД предвидува даночни поттикнувања кај данокот на додадена вредност (ДДВ) што се однесуваат на прометот на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата, извршен за реализација на донација од јавен интерес, било донирани или платени од донирани парични средства. Ослободувањето на пресметаниот ДДВ се одвива индиректно по процедура утврдена со правилници донесени од страна на Министерството за финансии на Р.М. Со оглед на успешната примена на начинот на даночното ослободување согласно член 24-а од Законот за додадена вредност, директно и со пријавување на прометот по електронски пат, предлагаме истата процедура да се воведе и при ослободувањето од ДДВ при прометот на добра и услуги од давателот кон примателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. На овој начин ќе се поедностави процедурата за корисниците, но и ќе се намали административниот товар на службите во Министерството за финансии.

Се препорачува симплифицирање на постапката за начинот на спроведување на даночното поттикнување. Во досегашниот случај подзаконските акти предвидуваат уплата на ослободеното ДДВ на засебна трезорска сметка, а Законот бара примателот на донацијата да поднесе барање до Министерството за финансии на пропишан образец со низа документи во приог.

пресметаниот ДДВ кој е уплатен од страна на вршителот на прометот во буџетот на РСМ се враќа на вршителот на прометот врз основа на доставено барање од примателот на донацијата (ЗДС/ДУ-ДДВ или ЗДС/ФС-ДДВ).

Се препорачува примена на постоечкиот систем на генерирање на е-фактура преку онлајн платформа без ДДВ кој е веќе функционален за проектите од странски донатори. На тој начин се намалува административниот товар на институциите, а на вршителите на промет им се ослободуваат ликвидни средства.

**Б) Промена во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход (ГДП-ПДД)**

Според ЗДСЈД, „Физичко лице кое донира финансиски средства на правно лице според одредбите од овој закон, а врз основа на договорот за донација, има право на намалување на пресметан, а неплатен персонален данок на доход или враќање на платен персонален данок на доход утврден врз основа на неговата годишна даночна пријава (образец ПДД - ГДП) во висина на донацијата, но не повеќе од 20% од износот на неговиот годишен персонален данок на доход, а најмногу до 24.000 денари. ” (Член 13 (1) од Законот). Во сегашниот образец ПДД - ГДП даночното ослободување е прикажано како даночно намалување наместо даночен кредит, односно ја намалува даночната основица, а не годишниот даночен долг како што предвидуваат одредбите на членот 13 на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности и член 87-а од Законот за персоналниот данок на доход.

За доследно спроведување на со закон утврденото право на даночно поттикнување кај персоналниот данок на доход во текот на постапката за остварување на правото на поттикнување, предлагаме усогласување на содржината на образецот на Годишна даночна пријава (образец “ПДД – ГДП“). Измената на ПДД ГДП може да се изведе така што износот на донации односно полето под реден број 19 треба да се помести на десно и да се спушти подолу со што ќе стане реден број 21, а редните броеви 20 и 21 ке станат 19 и 20. Понатаму УЈП при изготвување на решението за утврдување

на годишниот даночен долг ќе утврди дали износот на донациите го достигнува максимумот (врз основа на податоците во пријавата) и ке го минусира во самото решение.

**Предлог 2) Измени во Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации**

Надлежен орган: Министерство за финансии, Управа за јавни приходи.

Финансиските извештаи на граѓанските организации покрај тоа што се важна алатка за раководење и отчетност на организациите, истовремено се особено полезни за следење на трендовите во развојот и одржливоста на целиот сектор. Сегашниот сметковен план на непрофитните организации, особено во делот на приходите, не овозможува да се даде целосна и реална слика за финансирањето на граѓанските организации. Имено, најголем дел од приходите на ГО доаѓаат од грантови, членарини и донации. Сегашниот сметковен план сметките од групата 73 - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори (член 44 од Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации) ги сместува сите овие извори на приходи во една група и на тој начин не овозможува соодветно следење на структурата на приходите (странски донатори, буџетски средства, донации од граѓани и компании и сл.).

Со цел сметковниот план да соодветствува со реалното финансиско работење на граѓанските организации, <u>предлагаме измени во Класа 7: Приходи, член 44 со тоа што сметките од групата 73 да се раздвојат на повеќе одделни групи</u>:

- Приходи од членарини
- Приходи од донации од државниот Буџет на Р. Северна Македонија
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од донации и грантови од Буџетот на Р. Северна Македонија.
- Приходи од донации од државниот Буџет на Р. Северна Македонија
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од донации и грантови од буџетите

на единиците на локална самоуправа и буџетот на Град Скопје.

- Приходи од донации од странски влади и меѓународни организации
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од донации и грантови од странските организации за меѓународна помош и развој (УСАИД, SDC итн), Европската Унија, билатералните донатори (странските амбасади) и други фондации чие седиште е надвор од Р. Северна Македонија.
- Приходи од донации од домашни фондации и организации
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од донации и грантови од домашни непрофитни субјекти (фондации, други здруженија, сојузи и сл.).
- Приходи од донации од бизнис секторот
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од донации од трговските друштва, финансиските приватни институции и други деловни субјекти.
- Приходи од донации од физички лица
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од директни донации од домашните и странските физички лица.
- Приходи од спонзорства
- Приходи од подароци
- Приходи од организирани настани за прибирање на средства
  - Во оваа сметка би се евидентирале приходите од касички за донирање, добротворни аукции, концерти, и сл. Приходите од билетите и влезниците во овој случај би биле различни од приходите од група 75 бидејќи и даночно можат да имаат различлен третман согласно Законот за донации и спонзорства во

јавните дејности.

- Приходи од теле-давања

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Креирањето на овозможувачка законска рамка е еден од клучните елементи за постигнување развиена инфраструктура за филантропија што директно придонесува за одржлив развој. Конкретните ефекти од предложените измени се изнесени во документите приложени кон овој поднескок, а накратко вклучуваат развој на филантропијата во земјата; олеснета можност за финансирање на непрофитни организации; поттикнување на донирање и спонзорирање од индивидуалци и правни лица; намалување на административниот товар на институциите и ефикасност на кадарот; одлободување на ликвидни средства на компаниите преку олеснета процедура за повраток на ДДВ.

Од аспект на финансиската одржливост на граѓанските организации, од особено значење е нивниот даночен третман и олеснувањата што ги овозможува ЗДСЈД. Измените ќе придонесат за градење поволна средина за финансиска одржливост на секторот и препознавање на неговата важност и специфики од законодавецот. Дополнително, измените во делот на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности директно обезбедуваат развој на индивидуалната и корпоративната филантропија во земјата преку мотивирање на граѓаните и компаниите коишто донираат што директно го помага развојот на Република Северна Македонија.

Влијанието од приложените предлози вклучува:

- Охрабрување на работата на граѓанските организации преку дополнителен метод за финансирање и исполнување на утврдените мисии;
- Поттикнување на донаторите со стимулирање на алтруизмот и гарантирање дека нивните цели ќе бидат исполнети;
- Зајакнување на филантропијата преку даночни поттикнувања за стимулација на потенцијалните даватели за

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

поддршка на јавно корисни иницијативи;

- Зголемување на довербата во непрофитниот сектор преку воведување на стандарди кои примателите на донации треба да ги исполнат;
- Спречување/минимизирање на можноста за измама, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста;
- Промовирање ефикасно користење на расположливите ресурси;
- Намалување на административниот товар на институциите, ефикасност на администрацијата и користење на електронски системи.
- Усогласување на државата со меѓунароните стандарди за борба против финансирањето на тероризмот и перењето пари одобено во делот на 8мата препорака на FATF.
- Подобрување на финансиското следење и известување на непрофитните организации.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Информации за финансиските импликации поврзани со измените во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности се изнесени во приложената Анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (во прилог). Креирањето на нов предлог закон имаат незначителни финансиски импликации.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

**Прилог 1: Коментари и предлози за промена на регулативата за даночни поттикнувања во врска со донациите и спонзорствата во дејности од јавен интерес,** Љупка Новеска

Андонова Светлана Црвенковска, Никица Кусиникова и Лубен Панов, Здружение Конект Скопје: 2020

**Прилог 2: Предлог за измени во Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации**

Дополнителни прилози:

1) Коментари на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (ЗДСЈД), Катерина Хаџи-Мицева Еванс, Естер Хартај, Ивана Розенцвајгова и Никица Кусиникова
2) Компаративен преглед на различни прашања поврзан со ЗДСЈД , Европскиот центар за непрофитно право (ECNL)
3) Анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања на ЗДСЈД , Борче Смилевски
4) Рамка за спроведување и следење на ЗДСЈД , Никица Кусиникова
5) Упатство за спроведување на ЗДСЈД , Естер Хартај Ивана Розенцвајгова и Никица Кусиникова
6) Анализа на сптоведувањето на ЗДСЈД 2007-2011, Никица Кусиникова, Катерина Хаџи-Мицева Еванс и Александар Николов

| Потпис на застапникот | Nënshkrimi i përfaqësuesit |
| --- | --- |
| 23.09.-----2021 година------------------------ | ------ 2021------------------------------ |
| М.П. | V.V |

ЗДРУЖЕНИЕ КОНЕКТ СКОПЈЕ